08-1778/16
22-10-2025

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членовите 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година, донесе

ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 08-544/1 од 30.01.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-544/1 од 30.01.2023 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 08-544/1 од 30.01.2023 година е оформен по сопствена иницијатива. Имено, Државната комисија за спречување на корупцијата по извршена проверка во својата службена евиденција констатираше дека лицата членови на ____________________________ : __________________________, во законски определениот рок по именување, односно престанок на функцијата немаат поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК, согласно со член 82 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Имено, лицето ____________ во законски предвидениот рок од 30 дена по избор на функцијата член на ____________________ не поднел анкетен лист до ДКСК, со што на ден 10.01.2022 година сторил прекршок по член 82 став 1, казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за што што ДКСК му издаде прекршочен платен налог бр.08-544/9 од

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

23.11.2023 година. Со оглед дека постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК . Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-1787/5 од 21.08.2025 година, со кое лицето го прогласи за одговорно за сторениот прекршок.

Лицето ____________________ во законски предвидениот рок од 30 дена по избор на функцијата член на ______________________________ не поднело анкетен лист до ДКСК, со што на ден 10.01.2022 година сторила прекршок по член 82 став 1, казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за што ДКСК издаде прекршочен платен налог бр.08-544/7 од 23.11.2023 година. Со оглед дека постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК. Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-1783/3 од 24.07.2025 година, со кое лицето го прогласи за одговорно за сторениот прекршок.

Лицето ____________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на ______________________________ не поднело анкетен лист до ДКСК, со што на ден 13.10.2023 година сторила прекршок по член 82 став 3, казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за што ДКСК издаде прекршочен платен налог бр.08-544/5 од 23.11.2023 година.Со оглед дека постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК . Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-1786/4 од 11.08.2025 година, со кое лицето го прогласи за одговорно за сторениот прекршок.

Лицето ____________________ во законски предвидениот рок од 30 дена по избор на функцијата член на ______________________________ не поднело анкетен лист до ДКСК, со што на ден 13.05.2022 година сторила прекршок по член 82 став 1, казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за што ДКСК издаде прекршочен платен налог бр.08-544/3 од 23.11.2023 година. Со оглед дека постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК .Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-1784/7 од 25.09.2025 година, со кое лицето го прогласи за одговорно за сторениот прекршок.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

За сторениот прекршок по членот 109 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси од ДКСК е издаден прекршочен платен налог на лицето ______________________________ со бр.08-1811/2 од 27.03.2023 година, по кој истата ја платила пропишаната глоба на ден 05.04.2023 година.

ДКСК констатира дека со погоре наведите дејствија е исцрпено надлежното постапување, поради што одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик претседател,**
**м-р Цвета Ристовска**

**Изготвил:** К.Б, помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** С.С.М, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk